***Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги остварите своите амбиции и визија, доколку сте креативни, посветени, насочени кон постигнување резултати и размислувате долгорочно, станете дел од една од најуспешните компании во земјата***

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
**ГРУПАЦИЈА ТИТАН**

*објавува оглас за вработување на*

**Референт за книговодство**
Референтот ќе извршува работни задачи во Службата за сметководство како сметководител односно водење на финансово и материјално сметководство, работа со сметководствени програми - SAP, како и анализа на трошоци, и други анализи на барање на претпоставениот. Кандидатот треба да има изразени аналитички способности и прецизност во работењето.
Основната нето плата за работното место е од 32.000 – 38.000 денари. Компанијата дополнително обезбедува платена исхрана, колективно приватно здравствено осигурување, како и додатоци за прекувремена работа. На ова работно место следуваат и други бенефиции, како бонус за успешно работење.

**Квалификации:**
• ССС/IV степен образование економско училиште/ гимназија
• Работно искуство од најмалку 2 години во вршење на сметководствени работи со познавање на законската регулатива, и применливите сметководствени стандарди
• Одлично познавање на MS Office
• Познавање на работа SAP систем ќе се смета за предност
• Познавање на англискиот јазик

**Конкурентски предности за двете позиции:**
Желба за работа во средина со високи барања
Динамичност, ефективност и ефикасност
Флексибилност и адаптибилност
Посветеност, мотивираност, иницијативност
Тимска работа и кооперативност

**Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:**
1. Мотивациско писмо на англиски јазик
2. Биографија (CV) на англиски јазик
3. Доказ за завршено образование

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон.
Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување на неопределено време.

**Аплицирањето може да се врши на веб страницата на Цементарница УСЈЕ https://www.usje.mk во делот Кариера / Придружете ни се или на меил hr@usje.mk .**

Цементарница УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, хендикеп, возраст, сексуална ориентација, религија или убедување.

Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.
Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.